Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Сектор за правни работи

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë**

Departamenti për çështje juridike

Архивски број:15- 3537/3

Скопје, 06-10-2023 2023 година

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерство за економија на ден 25.09.2023 година, заведено под наш број 15-3537/1, по однос на истото Ве известуваме следното:

Во основниот текст на Одлуката и во дополнување на Одлуката јасно е наведено во кои услови акциската продажба не е забранета.

Во однос на прашањата во двете алинеи на дописот, известуваме дека треба да се повикате на одредбите кои го регулираат опфатот на акциска продажба (акција) во Законот за заштита на потрошувачите (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 236 од 7.11.2022 година).

**Со почит,**

Numri arkivor:15-

Shkup, ____________ viti 2023

**Lënda:**Përgjigjje ndaj kërkesës për qasje në informacione me karakterk publik

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën Tuaj për qasje në informacione të karakterit publik të dorëzuar në Ministrinë e Ekonomisë më 25.09. të vitit 2023, të regjistruar me numrin tonë 15-3537/1, në lidhje me të njëjtën, Ju njoftojmë si vijon:

Në tekstin themelor të Vendimit dhe në plotësimin e Vendimit, është përmendur qartë se në cilat kushte shitja e aksioneve nuk është e ndaluar.

Lidhur me pyetjet në dy alinetë dhe në shkresën, ju njoftojmë se duhet t'u referoheni dispozitave që rregullojnë fushën e shitjes së aksioneve (aksione) në Ligjin për mbrojtjen e konsumatorëve (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 236, më 07.11. të vitit 2022).

**Me respekt,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Изработил/Përpiloi: Верица Поп Ѓорчева, Verica Pop Gjorcheva
Одобрил/Aprovoi:Александра Спасевска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Dha pëlqimin:Размена Чекиќ/Razmena Çekiq
Преведе / Përktheu: Enis Misini

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 година
Потпис,

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 25-09-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Nj. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 15- | 3537/1 | | |

Билјана Н 25.09.23

До
**Министерство за економмија на**
**Република Северна Македонија**

Од

**Предмет: Барање за правно мислење во врска со "*Одлука за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока*" Службен весник на РСМ бр.192 од 14.09.2023 год. и дополнувањето кон истата Службен весник на РСМ бр.196 донесено на 20.09.2023 год. од Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на донесената "Одлука за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока" од 14.09.2023 год. и дополнувањето кон истата донесено на 20.09.2023 год. од Влада на Република Северна Македонија, кај трговците се јавуваат определени дилеми околу акциската продажба (акција) и промотивната продажба-промоција.

Согласно горенаведеното, а врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Р.С.Македонија бр.101/2019 год.) Ви се обраќаме за појаснување на следното:

Кај производите кои НЕ се опфатени со мерките од Владата и кои нема да се продаваат по гарантирана цена:

-Дали ќе се смета за акција/промоција доколку се продава определен производ по редовна цена каде би го следел подарок, (на пр. Производот по редовна цена+подарок чаша), кај производите кои немаат третман на гарантирана цена?

-Дали ќе се смета за акција/промоција сет од производи 1+1 или 2+1 (на пр.една кутија колачина + една кутија колачиња од истиот бренд како подарок или две кутии колачиња + подарок чаша) кај производите кои немаат третман на гарантирана цена?

Однапред благодариме,

Скопје, 22.09.2023 год.